# Прирачник за новинари

# за истражување и известување за корупција

logo Centar

logo USAID

**Скопје, ноември 2007 година**

Издавач:
Центар за граѓански комуникации

Автори:
Сабина Факиќ, Герман Филков

Графичка подготовка и печат:
Винсент Графика

Тираж: 200

---

Ставовите на авторите искажани во оваа публикација не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

---

**Вовед**

Центарот за граѓански комуникации веќе трета година активно работи на стеснување на просторот за корупција во Македонија. Имајќи ја предвид големата улога што медиумите ја имаат во борбата против корупцијата и во зголемувањето на транспарентноста и отчетноста на јавните институции, една од клучните области во која Центарот ги насочува своите активности е подобрување на новинарските вештини за истражување и известување за корупција.

Пред вас е прирачник којшто е наменет за сите новинари кои ја истражуваат корупцијата и ја известуваат јавноста за случаите на злоупотреба на јавно доверената моќ за лични цели. Прирачникот упатува на последиците од корупцијата и улогата на медиумите во нејзиното сузбивање и ги прикажува формите и начините на корупција во најранливите сфери, техниките на истражувачкото новинарство, како и начините на наоѓање на извори и интервјуирање.

Преку укажување на постоечките форми на корупција и афирмирање на техниките на истражувачкото новинарство, Центарот за граѓански комуникации се надева дека ќе придонесе да се зголеми интересот на новинарите и медиумите за истражување за корупцијата. Применувајќи го истражувачкото новинарство во откривањето на корупцијата, медиумите ќе ја информираат јавноста за корупцијата на сеопфатен и објективен начин со што ќе го зголемуваат притисокот врз надлежните институции да преземат мерки за спречување и санкционирање на извршителите на корупцијата.

Овој прирачник произлезе од проектот за Подобрување на новинарските способности за истражување и известување за корупција, што Центарот за граѓански комуникации го спроведе со финансиска поддршка од Агенцијата на САД за Меѓународен Развој.

**Содржина**

**Последиците од корупцијата и улогата на медиумите во нејзиното сузбивање (Вања Михајлова)............................................................................... 6**

**Најранливи сфери за корупција во Македонија ............................................ 11**

Корупција во јавните набавки ................................................................. 12

Корупција во јавните претпријатија и установи ........................................ 17

Корупција во јавната администрација ...................................................... 20

Корупција во бесправното градење и урбанизмот ..................................... 23

Корупција во образованието ................................................................... 27

Корупција во здравството ...................................................................... 30

**Истражувачко новинарство ........................................................................ 34**

Процес на новинарско истражување ........................................................ 35

Проблеми во истражувањето .................................................................. 38

**Извори: Наоѓање и интервјуирање ............................................................... 40**

Совети за наоѓање извори ....................................................................... 40

Совети за интервјуирање на изворите ....................................................... 42

Именување и цитирање на изворите при известување за корупција ............................................................................................. 44

Под корупција се подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или друг (Закон за спречување на корупцијата, 2004).

## Последиците од корупцијата и улогата на медиумите во нејзиното сузбивање

Вања Михајлова

Последиците од корупцијата, особено во економиите кои се преориентираат кон пазарен начин на стопанисување, во кои спаѓа и Македонија, можат да бидат многуструки. Во најлош облик корупцијата може да ја оневозможи способноста на земјата за привлекување на странски капитал, да нанесе сериозни последици врз економскиот развој и врз спроведувањето на реформите, а може да има големо влијание и врз уназадувањето на развојот на демократските институции. Оттука произлегува и потребата за нејзино спречување и сузбивање.

Медиумите се моќно средство за откривање на корупцијата и за натамошно процесирање на коруптивните случаи. Во прилог на ова говори и фактот што многу корупциски скандали се откриени токму од медиумите. Преку постојаното известување на медиумите за корупциските случаи всушност се врши „притисок" врз надлежните институции да преземаат мерки во рамките на нивните надлежности за разрешување на ваквите скандали. Токму на ова се должат покренувања на обвиненија и судски завршници во многу корупциски случаи.

Меѓутоа, за постигнување на овие цели неопходно е да се почитуваат неколку битни принципи:

- Неселективен пристап во иницијативите за отворање на корупциски случаи;
- Објективно и непристрасно известување за корупциските случаи без фаворизирање на некои од учесниците;
- Независност во информирањето преку одбегнување на притисоци од центрите на моќ, најчесто од власта или поединци во власта;
- Професионалност во работењето преку обезбедување на што е можно повеќе информации и од што е можно повеќе различни извори пред да се информира за корупциските скандали и луѓето вклучени во нив.

## Заштита на средствата за јавно информирање

Заради професионално, независно и објективно извршување на својата функција, медиумите мора да бидат заштитени од какви било притисоци, закани, заплашувања, уцени и други начини преку кои ќе се натераат да отстапат од наведените принципи.

Ваква заштита на средствата за јавно информирање во Македонија им обезбедува Законот за спречување на корупцијата каде „се забранува каква било присилба, спречување или влијание на друг начин врз средствата за јавно информирање да објавуваат или да не објавуваат информации за случаи на корупција". Натаму, на новинарот му се обезбедува и право на непречен пристап до сите извори на информации во согласност со закон.

Законот за спречување на корупција исто така предвидува дека „никој не може да ја исклучи јавноста од расправата за корупција пред надлежен орган или правно лице, освен кога се работи за предходна постапка што е прогласена за доверлива. Исто така, заштитени се и изворите на информации бидејќи Законот предвидува дека „никој не може од новинарот кој објавил информација за акт на корупција да бара да го открие изворот на информацијата, освен во постапка пред суд".

**Злоупотреба на средствата за јавно информирање**

Законот за спречување на корупцијата, од друга страна, исто така забранува и злоупотреба на медиумите. Така, Законот предвидува дека „секој којшто објавува информација за корумпираност на друг, должен е да ја почитува претпоставената невиност и принципите на вистинито, објективно и непристрасно информирање, како и други принципи на кодексот на професионалната етика". Исто така „никој не може да користи средство за јавно информирање за лажно обвинување на друг за корупција".

**Колку граѓаните им веруваат на медиумите?**

Според истражувањето спроведено од Државната комисија за спречување на корупцијата, во 2006 година, а финансирано од Советот на Европа во рамките на Пако-импакт проектот, на прашањето на кого би пријавиле корупција, најголем

број од граѓаните одговориле дека би се обратиле до медиумите, бидејќи сметат дека „тие се моќна сила и имаат влијание врз јавното мислење и покрај тоа што не веруваат во нивната објективност и независност".

Освен ова, истражувањето покажа дека известувањата за ваква сериозна тема не се соодветни; доста се шпекулира, лесно се ставаат етикети и излегува дека секој е корумпиран, што е лоша услуга за борбата против корупцијата; медиумите наведуваат малку факти; по правило, станува збор за паушални оценки, непроверени, во сензационалистички манир, нема етика кај новинарите, нема медиум кој бил коректен во известувањето, се нарушува угледот на институциите и на поединците". Граѓаните исто така сметат дека „медиумите главно негативно пишуваат за државните органи; за корупцијата се известува селективно и генерализирано; не постои аналитички пристап; симптоматично е тоа што некои медиуми пишуват на 'повик'; пишуваат само ако некој им сервира информации; медиумите сè уште не 'чепкаат' доволно за оваа тема".

И покрај ваквото мислење на граѓаните за известувањето на медиумите за коруптивните случаи, генералниот заклучок е дека „известувањата на медиумите за корупциски случаи придонесуваат за намалување на корупцијата".

Испитаниците, според ова истражување, ги рангираат медиумите на 17. место (од вкупно 20) на листата на корумпирани институции, што остава простор за натамошно подобрување на независноста, објективноста и непристрасноста на медиумите, наспроти нивното ставање во функција на остварување на нечии лични, партиски или бизнис интереси.

**Колку се независни медиумите?**

Познатата невладина организација Фридом Хаус во својот последен извештај за независноста на медиумите во светот за 2007 година, ја вброи Македонија меѓу земјите во кои медиумите се делумно слободни. Прашање е колку оваа оценка одговара на реалната состојба во земјата бидејќи, објективно, се поставуваат следниве прашања:

- Дали се новинарите слободни од политичките влијанија и притисоци?

- Дали новинарите можат и колку се спротивстауваат на ваквите притисоци?
- Дали се новинарите непристрасни, објективни и независни во известувањето за случаите на корупција?
- Колку блискоста и поврзаноста на сопствениците на медиумите со одредени политички и бизнис опции влијаат врз објективното и непристрасно известување за коруптивни случаи во кои се вмешани луѓе од тие партии или бизнис кругови, односно колку новинарите од тие медиуми се слободни да ги објават наодите од истражувањата за таквите случаи?
- Дали се проверуваат добиените сознанија за корупциски случаи пред да се објават или се известува по „нарачка"?
- Колку медиумите или одредени новинари се ставаат во функција на остварување на одредени политички цели на сопствениците на медиумите и служат за деградација на нивните политички противници?
- Колку новинарите во извршувањето на својата професија се соочени со закани, вербални навреди, омаловажувања и тужби кога објавуваат информации што се однесуваат за вмешаност на определени политички и бизнис моќници во коруптивни случи?

**Како да се истражуваат случаите на корупција?**

Раширеноста на корупцијата се должи и на фактот што кај овој вид на криминал не е лесно да се дојде до информации со кои ќе може да се открие или пак да се докаже корупцискиот случај, главно поради заемниот интерес на учесниците во коруптивните случаи.

Сепак, случаите на корупција можат многу полесно да се откријат во помалите средини каде што луѓето повеќе се познаваат меѓусебе. Ова е особено можно при следниве случаи:

- Повреди на Законот за јавни набавки - нетранспаретност, склучување на директни спогодби, избор на понудувач кој не ги исполнува критериумите, или кој е поврзан со набавувачот врз која било основа: роднинска, пријателска или партиска. Информации за ова можат да се добијат и од другите учесници  во јавните набавки чии понуди не биле прифатени или кои го оспоруваат изборот на најповолен понудувач.

- Судири на интереси, непотизам и кронизам кои можат да прераснат во корупција доколку навремено не се спречат и менаџираат.
- Нереално пријавување на имотната состојба на избрани или именувани лица, со цел да се одбегнат сомневањата за стекнување на имотот преку злоупотреба на службената положба и особено префрлањето на имотот на лица од семејството, што покрај изигрувањето на Законот има и морален аспект - нечесност.
- Влијание врз вработување и унапредување на блиски роднини, што е спротивно со Законот за спречување на корупцијата.
- Неспоивост на функцијата, што подразбира дека избран или именуван функционер, одговорно лице во јавно претпријатие или службено лице не може да врши функција на член на  управен одбор или на друг орган на управување во јавно претпријатие или во трговско друштво, ниту функција која е неспоива со неговата функција.
- Повреди на забраната избран или именуван функционер за време на вршење на својата функција да воспоставува деловни односи со правно лице основано од него или од член на неговото семејство (доколку  вакви односи се воспоставени од порано, тогаш постои обврска за  изземање од какво и да е донесување одлуки за нив).
- Притисоци од политичка партија или лице што настапува во име на политичка партија за вработување, избор, именување, деградирање или разрешување од службена, раководна или друга функција (освен во случаи предвидени со закон).

**Најранливи сфери за корупција во Македонија**

При истражувањето на случаите на корупција, новинарите првенствено треба да се фокусираат на следниве области во кои, според истражувањата на Центарот за граѓански комуникации, постои најширок простор за корупциски злоупотреби:

- Јавни набавки
- Јавни претпријатија и установи
- Јавна администрација
- Бесправно градење и урбанизам
- Образование
- Здравство.

Истовремено, станува збор за сфери во кои последиците од корупцијата имаат најголемо влијание врз граѓаните и економијата.

При истражувањето и известувањето за корупцијата во овие области треба да се има предвид дека со процесот на децентрализација голем дел од надлежностите на централната власт се префрлија на локално ниво, со што се децентрализираа и просторот и можностите за корупција.

## Корупција во јавните набавки

Начинот и постапката на вршење на јавните набавки се пропишани во Законот за јавни набавки. Тие се однесуваат на органите на државна власт, органите на единиците на локална самоуправа, јавните претпријатија и друштвата во кои државата или единиците на локална самоуправа имаат доминантен капитал, здруженијата на граѓани и фондации на кои им се дадени јавни овластувања, како и на правни лица кои вршат посебни јавни услуги.

Истражувањата покажуваат дека во бизнисот со јавни набавки, кој на државно и локално ниво се проценува на повеќе од една милијарда евра годишно, се кријат разработени шеми на корупција. Дел од учесниците од приватниот и од јавниот сектор се наоѓаат во премолчена коалиција за злоупотреба на државните пари за остварување на лична корист така што јавните набавки се доделуваат на фаворизирани фирми. Поради тоа што ваквата состојба постои со години, дел од другите фирми на пазарот, претпоставувајќи дека зделката е однапред договорена, решаваат повеќе да не учествуваат на тендерите за јавни набавки со што дополнително се нарушува конкуренцијата на пазарот.

Разни компетентни извори од приватниот и од јавниот сектор проценуваат дека сето ова поскапува дел од јавните набавки во Република Македонија и до 30% од нивната реална вредност.

## Како се одвива корупцијата во јавните набавки?

- Дефинирање на потребата од јавни набавки, односно донесување на одлуката што ќе се набавува.

Корупциски мотиви би можеле да се насетат уште кога едно јавно претпријатие, установа или институција донесува одлука што да се набавува или гради. Главното прашање што овде треба да се постави е дали станува збор за набавка или изградба на нешто што е навистина потребно и планирано или пак станува збор за бизнис што треба да се спроведе за да им донесе екстра приход на блиски и фаворизирани фирми? Така, во практиката има случаи да се изврши јавна набавка за стоки што субјектот нема обврска или план да ги набавува. Или пак, набавената односно

изведената градежна работа да е во количина односно обем што ја надминува реалната потреба.

- Прилагодување на тендерската спецификација во прилог на фаворизирана фирма–понудувач на тендерот.

Простор за злоупотреби постои и кај набавките кои предвидуваат исполнување на т.н. тендерски спецификации (детален и високостручен опис на карактеристиките на стоките што се набавуваат). Овде особено станува збор за набавки од обласга на градежништвото, машинската и информатичката опрема. Поради нестручност на комисиите што ги вршат набавките спецификациите за тендерот, иако тоа е забрането со Закон, не ретко се даваат да ги изработи фирма која потоа се јавува и како понудувач за јавната набавка. Ова остава простор таа фирма да внесе во спецификацијата такви перформанси што ќе може да ги исполни само таа, што ќе ја направат нејзината понуда најконкурентна.

- „Штимање" на критериумите за бодирање.

Законот за јавни набавки ги определува можните критериуми, но не и бројот на бодови што се доделуваат за секој одделен критериум. Комисиите за јавни набавки се слободни во определувањето на критериумите што ќе се употребат за рангирање на понудувачите, како и на висината на бодовите што ќе ги носат одделните критериуми. Истражувањата покажуваат дека постојат случаи на прилагодување на критериумите и нивното бодирање според „конкурентската предност" на фаворизираната фирма. Ова значи дека најмногу бодови се доделуваат за оние критериуми што и одат во прилог на фирмата што треба да победи на тендерот.

- Вештачка поделба на набавките за да се избегне јавен тендер.

Контролите на Државниот завод за ревизија покажуваат случаи во кои државните институции и установи не ретко намерно ги делат годишните потреби од одреден производ или услуга. На тој начин ги сведуваат сумите на набавките под законски предвидениот износ за кој не треба да се распише јавен тендер туку само се спроведува постапка за т.н. мали набавки.

- Намалување на понудените цени на тендерот, со претходен таен договор со понудувачот, за подоценежно надополнување на разликата со ставката „непредвидени трошоци“ (особено присутно во градежништвото).

Станува збор за случаи кога изведувачот користи помалку квалитетен (а со тоа и поевтин) материјал од оној со којшто конкурирал и победил на тендерот, кога користи помала количина на материјал од таа што е наведена во тендерската спецификација, како и да ја надградува ниската цена поради која и победил на тендерот преку законски дозволената ставка за „непредвидени трошоци“. Бидејќи до вакви манипулации доаѓа и покрај тоа што во текот на секоја градба е предвидено посебен субјект да врши надзор на изведбата, очигледно е дека станува збор за непринципиелно поврзување меѓу изведувачот и субјектот што го врши надзорот. Токму поради овие коруптивни активности се случува дупките на веќе поправените улици и патишта одново и одново да се отвораат. До ова доаѓа поради тоа што изведувачот иако добива пари за соодветна стандардна дебелина на асфалтен слој, всушност става значително помал слој поради што асфалтот брзо се оштетува. Парите што се заработуваат од помалата количина асфлат служат за заслепување на нарачителите на изведбата, кои „заслепени“ од таквата провизија, наместо проблем во овој вид на корупција наоѓаат само повод за нова поправка на улицата за што се трошат пари од оштинските каси.

- Подеднаква поделба на набавката на сите фирми што конкурирале на тендерот.

Една од можните форми на злоупотреба во јавните набавки се крие и во доделување на бизнисот во еднакви делови на сите фирми што конкурирале на тендерот, иако во суштина нема економска логика набавката да се дели. Во Регистарот на јавни набавки се евидентирани бројни примери за вакви поделби на набавките и на државно и на општинско ниво. Опасноста од ваквиот начин на спроведување на јавната набавка е во можноста – меѓу фирмите на коишто подеднакво им се дели набавката да се протуркаат и „фаворизирани“, неконкурентни, фирми кои инаку не би можеле да победат на тендерот.

- Слаба контрола на извршените набавки.

Широкиот терен за злоупотреби во јавните набавки може да се лоцира и во слабата контрола на извршените набавки во смисла на проверка дали она за што е

платено од државните пари навистина е добиено. Изборот на понудувачи со сомнителен бонитет, проследен со слаба контрола, некогаш доведува и до бизарни ситуации. Така, се случува покрив на новоизградено училиште да прокисне уште пред училиштето да се пушти во употреба, поради што треба да се трошат дополнителни пари за обнова на училиштето, иако е тоа ново.

- „Штимање“ на трите понуди што е непоходно да се обезбедат кога се спроведува т.н. мала набавка.

Надвор од ранливата сфера не се ниту т.н. набавки од мала вредност, каде самата постапка предвидена со Законот за јавни набавки остава простор за лесно „протнување“ на свои фирми. За овој вид на набавки не е предвидено објавување на јавен повик, туку треба да се обезбедат само три понуди и од нив да се избере најповолната. Фаворизираната фирма која треба да ја добие набавката, покрај својата понуда ги обезбедува и другите две понуди од фирми со кои соработува. Тие понуди, нормално, се наштимани да бидат понеполни од нејзината понуда. Токму поради ваквата лесна можност за „протнување“ на свои фирми, малите набавки често се извор на голема борба на интереси и конфликти меѓу членовите на комисиите за јавни набавки.

**Препораки за откривање и следење на корупцијата во јавните набавки**

- Инсистирајте да добиете податоци за фирмите кои ги добиле одделните тендери. Не заборавајте дека станува збор за пари на граѓаните што треба да се трошат рационално.

- Следете ги јавните тендери од идејата до нивната реализација. Не заборавајте дека корупцијата може да се крие и во одлуката – што да се набавува.

- Слушнете ги двете страни: и добитникот и поразените фирми. Целта е да дојдете до што е можно повеќе информации бидејќи само така ќе ја имате целата слика и ќе можете да направите објективна приказна.

- Следете ги извештаите на Државниот завод за ревизија. Имајте на ум дека само зад една реченица во овие извештаи може да се крие сржта на квалитетна приказна која чека да биде истражена.

**Корупција во јавните претпријатија и установи**

Целосната партизација на управните одбори на јавните претпријатија и установите на државно и на локално ниво, која се спроведува за сметка на стручноста и компетентноста на членовите, и од домашните експерти и од меѓународните организации се оценува како состојба која овозможува корупција и придонесува кон натамошен развој на овој проблем.

Изборот на членовите во управните одбори според партиски и етнички критериуми наместо според стручноста и компетентноста, креира амбиент во кој одлуките во овие претпријатија се носат од партиски или личен интерес, а не од интерес на граѓаните кои ги финансираат и ги користат услугите на јавните претпријатија и установи.

Покрај нестручноста и некомпетентноста на најголем дел од членовите на управните одбори, простор за корупција отвора и непостоењето на обврска за јавен отчет за работата на овие претпријатија и установи и, во крајна линија, тоа што членовите на управните одбори не сносат каква било одговорност за одлуките што ги одобруваат.

**Како се одвива корупцијата кај јавните претпријатија и установи?**

- Оскудна и многу општа законска регулатива со која се дефинира изборот на членови на управните одбори на јавните претпријатија и установи.

Законот за јавни претпријатија им посветува само еден член на критериумите за именување на членови во управните одбори на јавните претпријатија. Во него се вели дека „во управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во обласста на предметот на работењето на јавното претпријатие...“.

- Владата и општините не се придржуваат ниту кон општите и осудни законски одредби.

Многубројни се примерите на именување членови во управните одбори кои според посочените квалификации не само што не се стручни и афирмирани во

областа во која работи претпријатието, туку често немаат ниту допирна точка со таа област. Ваквото нестручно пополнување на управните одбори натаму се прикрива такашто при објавување на одлуките за именување, што се објавуваат во службените весници, освен името и презимето на именуваниот член нема податок за неговото образование или работно искуство за да може да се процени неговата стручност. Примери за оваа состојба има во многу здравствени домови, заводи за здравствена заштита, медицински центри и општи болници каде за членови на управни одбори се именувани наставници, политиколози, агрономи, градежни, архитектонски, сообраќајни и текстилни инженери.

- Наспроти несоодветните и ниски квалификации членовите на управниот одбор имаат големи и широки законски овластувања.

Законот за јавни препријатија пропишува дека управниот одбор го донесува статутот, усвојува програма за работа и развој на јавното претпријатие, ја утврдува деловната политика, усвојува годишна сметка и извештај за работење, ги утврдува цените на производите и услугите и донесува одлуки за употреба на средствата остварени со работењето, за покривање на загубите, за инвестициите и за внатрешната организација на јавното претпријатие.

- Партиски поставените луѓе го штитат партискиот наспроти интересот на граѓаните како корисници на услугите и производите на јавните претпријатија и установи.

Најсилни аргументи дека е суспендиран граѓанскиот интерес се честите загуби од работењето што ги остваруваат овие претпријатија и установи, како и намалувањето на квалитетот на услугите што тие им ги пружаат на граѓаните.

- Слаба контрола на финансиското работење на јавните претпријатија и установи.

Законот за јавни претпријатија предвидува „за членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење да се именуваат лица со високо образование, кои поседуваат знаења и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.“ Но, во праксата контролата на материјално-финансиското работење се доверува на луѓе кои ниту со своето образование, ниту со работното искуство немаат допирни точки со финансиите и економијата.

Имено, постојат случаи материјално-финансиското работење во јавните претпријатија да го контролираат музичари, инженери, филолози и сл.

- Отсуство на отчетност на јавните претпријатијата и установи пред граѓаните.

Злоупотребата на јавните пари е овозможена не само поради слабата внатрешна контрола, туку и поради отсуство на отчетност и мерење на ефикасноста на јавните претпријатија и институции. Известувањето за работењето на јавните претријата и установи е сведено само на формални годишни извештаи што одборите за контрола имаат обврска да ги доставуваат до Министерството за финансии, а на локално ниво до основачот, односно до советите на општините.

Во „Проценката на финансиската одговорност на земјата" направена од Светската банка во 2003 година, неотчетноста на јавните претпријатија, слабите внатрешни контроли и некритичните управни одбори, заедно со недоволниот интерес од страна на властите се оценети како високо-ризична област која е особено чувствителна на корупција. Во меѓувреме, не е констатиран позначаен напредок од аспект на зголемена отчетност и одговорност на јавните претпријатија и нивните управни одбори.

**Препораки за откривање и следење на корупцијата во јавните претпријатија и установи**

- Истражувајте кои се именуваните членови на управните одбори на јавните претпријатија и врз основа на кои критетериуми се назначени на тие места.

- Проверете ја професионалната стручност на членовите за контрола на материјално-финаниското работење на јавните претпријатија и установи.

- Инсистирајте на транспаретност на податоците за работењето на јавните претпријатија и установи.

**Корупција во јавната администарција**

Клучни генератори на корупцијата во процесот на давање услуги од страна на општинската и државната администрација се бавноста на администрацијата на државно и на локално ниво, недоволно јасните и неусогласени критериуми за одобрување на дозволи и решенија, широкиот простор за арбитрарно одлучување, како и нетранспарентните постапки. Иако износите на пари во поединечните коруптивни случаи генерално се мали, сепак овој облик на корупција е толку широко распространет и навлезен и во најситните пори на општеството што вкупно земено станува збор за сериозна сума на пари која се стекнува нелегално.

Потплаќањата кај овој вид на корупција, која кај нас уште е позната под нереалното име „сто грама кафе", се движат од 500 или 1000 денари сѐ до суми од по неколку стотини илјади денари. Висината на митото зависи од видот на услугата што ја бара граѓанинот, од брзината со која сака да ја добие услугата и од материјалниот интерес што го има од добиената услуга.

Митото во јавната админстрација создаде систем што не им е наклонет на оние кои сакаат да го почитуваат законот. Во прилог на оваа констатација е трагичниот случај на една велешанка која барала инвалидска пензија откако преживеала два мозочни удара. Во октомври 2005 година, комисијата за оценка на работната спсобност го одбила барањето на велешанката и ја оценила дека е способна за работа со полно работно време. Жената доставила жалба до второстепената комисија и во очекување на решението оттаму, починала неполни два месеца откако е прогласена за работоспособна – во декември 2005 година, од истите причини поради кои ја барала пензијата. И второстепената комисија ја одбива жалбата на велешанката и ја прогласува за работоспособна, иако жената веќе два месеца била мртва.

**Како се одвива корупцијата во јавната администрација?**

- Бавност на администрацијата при одобрување на дозволи и решенија.

Практиката покажува дека најголеми предуслови за корупција создава состојбата на бавност на институциите од една страна и желбата на граѓаните да ја завршат

работата за што е можно пократко време од друга страна. Администрацијата и на државно и на локално ниво ја стимулира и ја користи постоечката бирократска бавност и неефикасност поттикнувајќи ги граѓаните на корупција. Во вакви случаи митото се плаќа како возврат за наводниот екстра напор што го прави службеникот за да ги забрза работите кои во редовна процедура траат подолго.

- Сложени и недоволно јасни критериуми за одобрување на дозволи и решенија.

Затскривајќи се зад сложените процедури и недоволно јасните критериуми за донесување на дозволи или решенија, а користејќи го незнаењето на граѓаните, службениците бараат разни дополнувања на документацијата со што индиректно испраќаат порака до граѓанините дека покрај документите треба да понудат и нешто друго за да се реши проблемот.

- Широка можност за арбитрарно одлучување во процесот на издавање на одредени решенија и уверенија.

Во случаите кога нема јасни процедури и постапки и одлуките ги носат комисии, постојат евидентирани жалби од граѓаните кај надлежните институции за „ненавремено, необјективно и коруптивно постапување на комисиите“.

- Подготвеност на граѓаните да платат мито за да ја забрзаат работата.

Истражувањата покажуваат дека македонските граѓани се подготвени да платат мито за да ги „забрзаат“ процедурите за добивање од најобични уверенија, преку имотен лист и одобренија за доградба, адаптација и пренамена на станови и објекти, сè до стекнување на право на инвалидска пензија.

- За проблемот молчат и двете страни.

Давањето мито е еден од најпритаените и најмалку третираните проблеми од надлежните институции иако е широко распространет. Притаеноста произлегува оттаму што во овој облик на корупција најчесто има само две страни: граѓанинот и службеникот. И двете излегуваат задоволни од успешно завршената „работа“. Граѓанинот, ја добива услугата или го забрзува нејзиното добивање, додека службеникот од тоа остварува екстра приход. Во најголем број на случаи нема трета страна која, во случај ако е евентуално оштетена, би проговорила јавно за

корупцијата. Оттука произлегува и малата третираност на овој проблем и малиот број на жалби на граѓаните пред надлежните институции.

**Препораки за откривање и следење на корупцијата во јавната администрација**

- Истражувајте колкава е висината на поткупот во вашите средини.

- Истражувајте во кои служби се најголемите жаришта на корупција.

- Разговарајте со вашите сограѓани каде тие го гледаат проблемот.

## Корупција во бесправното градење и урбанизмот

Бесправното градење е предмет на коруптивни активности во повеќе фази – од почетокот на изградбата сè до конечното легализирање на објектите. Само во периодот од 2000 до 2005 година, во Македонија никнаа повеќе од 10 илјади бесправно изградени објекти и тоа пред очите на градежната инспекција. На масовно присуство на корупција во оваа област сугерираат и официјалните бројки за донесени, а неизвршени решенија за уривање на бесправно изградени објекти. Според последните расположливи податоци, во периодот од 2001 до 2004 година во Македонија се донесени вкупно 10.275 решенија за уривање, а од нив се извршени 1.738 решенија, што е само 17%. Прашање е како и зошто останатите 83% од објектите со донесени решенија, куртулиле од уривање.

Истражувањата покажуваат дека корупцијата во оваа област допира до највисоки инстанци на локалната и централната власт, особено кај објектите што се градат на атрактивни локации. Градежните инспектори тврдат дека високиот процент на нереализирани решенија за уривање на бесправно изградените објекти е политика која пред децентрализацијата ја креирале министрите за транспорт и Владата, а сега градоначалниците.

Иако како главен аргумент за неизвршување на законски донесените решенија за уривање се користи социјалниот елемент, официјалните податоци од Заводот за статистика покажуваат дека околу 50% од бесправно изградените објекти се станбени и деловни згради. Ова значи дека претежно станува збор за нелегален бизнис, а не за решавање на индивидуални станбени прашања на одделни посиромашни слоеви на население.

Надлежните институции што треба да го спречат и санкционираат бесправното градење, клучниот аргумент за нерешавање на состојбата го гледаат во наталоженоста на проблемите во последните педесет години. Имено, иако овој проблем еднаш е решен преку целосна амнестија на дивоградбите во средината од минатиот век, сепак, земјата повторно влезе во нов урбанистички хаос во последните педесет години. Така, само од 2000 година наваму, во земјава никнуваат просечно по 1500 нови дивоградби годишно. Претставниците на надлежните

институции немаат одговор на прашањето зошто се толерира градењето на нови бесправни објекти.

**Како се одвива корупцијата во бесправното градење и урбанизмот?**

- Високата заработувачка од станбената изградба.

Се проценува дека заработувачката од станбената изградба изнесува и до 100% од вложениот капитал. Ваквите високи приноси им овозможуваат на инвеститорите да внесуваат во игра високи износи за корупција со кои можат да плаќаат поткуп во сите фази – од почетокот на изградбата до легализацијата на објектите.

- Честата промена на урбанистичките планови.

Се смета дека честите промени на урбанистичките планови го создаваат главниот простор за појава и за натамошно поттикнување на т.н. урбанистички хаос. Сметајќи на оваа можност, инвеститорите се впуштаат во нелегални градби за потоа, преку политички врски и плаќање поткуп, да издејствуваат тие градби да бидат внесени во урбанистичките планови. Со цел на некој начин сепак да ги „покрие“ ваквите случаи, инспекцијата издава решенија за уривање, но тие повеќе се формални, бидејќи ретко се реализираат. Со тоа на инвеститорите им се дава потребното време за легализација на објектите. Во практиката има случаи кога во урбанистичките планови се менува намената на иста локација онака како што се менува и расте „апетитот“ за градба на инвеститорот. Само во Скопје постојат неколку вакви примери изградбата да почне со катни гаражи, на пример, а тие потоа да прераснат во атрактивни станбени комплекси.

Со корупција, инвеститорите ја купуваат толеранцијата на надлежните и во честите случаи кога градбата е поголема од онаа за која е добиена градежна дозвола. Овие нелегални делови од градбата, под засилен „притисок“ од инвеститорите подоцна влегуваат во измените на деталните урбанистички планови. Примери за вакви случаи се вишокот на спратови, поткровја и дури и дупли поткровја составени само од по една гарсониера над основното поткровје на градбата.

Со помош на поткуп, во фиоки стојат и решенијата за уривање на објекти за кои не се платени комуналиите чекајќи инвеститорот прво да ги продаде становите и да обезбеди пари, а потоа да ги уплати парите во општинската каса. Во сиот тој временски период, објектот се води како бесправно изграден.

- Несправувањето со проблемот уште во неговиот зачеток.

Несправувањето со проблемот уште кога е „тазе", односно кога еден бесправен објект почнува да се гради и чекањето во тие згради да се вселат луѓе со што проблемот добива и социјални димензии, упатува на заклучокот дека надлежните институции свесно го стимулираат урбанистичкиот хаос, водени од корупциски мотиви. Така, наместо да ги казнат инвеститорите, дел од надлежните им укажуваат на граѓаните да бидат внимателни кога купуваат станови.

- Оправдувањето дека во буџетските каси нема пари за уривање.

Толерирањето на бесправните градби, по децентрализацијата на власта, стана проблем и на локалната и на централната власт. Имено, иако општините носат решенија за уривање, државниот градежен инспекторат има овластување да го контролира нивното спроведување, дури и да интеревенира онаму каде што локалната власт не ги споведува законските решенија. Оттука е нејасно зошто за уривање на некои јавно познати бесправни објекти, со години не се предвидуваат пари ниту во касите на централната, ниту на локалната власт.

Истражувањата покажуваат дека под притисок на испразнетите општински каси, во голем број општини не само што не се поставува прашањето за уривање на бесправните објекти, туку целата енергија се насочува кон нивна легализација за добивање на пари од наплата на комуналните давачки. Притоа, како никој да не чувствува одговорност за фактот што на тој начин всушност се амнестира непочитување на законот.

**Препораки за откривање и следење на корупцијата во бесправното градење и урбанизмот**

- Истражувајте го односот на властите кон бесправното градење и доследноста во примената на решенијата за уривање.

- Истражувајте кои се тие чиишто објекти се урнати, а кои се сопствениците на објектите што преживеале и зошто е тоа така.

- Барајте позадина во толерирањето на инвеститорите при непочитувањето на законите и прописите.

**Корупција во образованието**

И покрај многу малиот број на официјално пријавени и разрешени случаи, корупција во образовните институции во Македонија постои. Наспроти едвај неколкуте официјално пријавени случаи, перцепцијата на јавноста е дека корупцијата во образованието е широко распространета појава, особено во високото образование.

Истражувањата покажуваат дека сѐ поретко се практикува класичен облик на подмитување на професори со давање пари на рака или ставање во индекс. Избегнувањето на таков директен контакт се прави така што во „игра“ се внесуваат посредници преку кои се врши плаќањето или противуслугата за да се положи испитот. Според студентите, посредниците во одредени случаи дури сами ги нудат своите посреднички услуги. Исто така постои практика посредниците често да се менуваат за да се прикрие трагата. Професорите пак велат дека и тие се жртви на ваквите посредници кои користејќи приватна или професионална блискост со професорите „помагаат“ при полагање на испити за што земаат поткуп од студентите без знаење на професорот.

Наклоноста на професорите се добива и преку најразлични производи и противуслуги зависно од потребите на професорот или пак зависно од бизнисот што го има студентот или неговите родители. Друг посочуван облик на корупција застапен во високото, но и во средното образование се дополнителните часови што студентите и учениците ги земаат надвор од редовната настава. Во одредени случаи, посетување на одреден број од вакви дополнителни часови кај самиот професор или негов пријател, е услов за положување на испитот или за добивање добра оценка.

И мотивот на наставниците од основното и средното образование за масовно поправање на оценките пред крајот на учебната година се става под сомнежот за корупција бидејќи останува отворена дилемата колку зад повисоките оценки стои волјата на наставниците да им помогнат на учениците при запишување во натамошното образование, а колку зад тоа се кријат коруптивни мотиви.

Освен оценките, се наведуваат и други облици на корупција и злоупотреба на државни пари за лична корист во основното и средното образование, како што е организирање на екскурзии или матурски прослави преку „пријателски“ агенции и ресторани од кои потоа директорите на училиштата добиваат соодветен надомест.

Простор за корупција сѐ уште постои и при изборот на учебниците од коишто се учи, особено во основното образование, каде бројот на ученици а со тоа и бизнис интересот на издавачките куќи се значително поголеми. На злоупотреби упатува непостоењето на транспарентност во процесот на избор на учебници, односно кога наставниците, професорите или училишните управи им сугерираат на учениците кои учебници да ги купат. Оттука, постои сомневање дека изборот не се прави според однапред познати и законски критериуми, туку според лични интереси на поединци во училиштата.

**Како се одвива корупцијата во образованието?**

- Слабите институции и механизми за заштита на учениците и студентите кои би пријавиле корупција.

Во Македонија недоволно се користат постојните институции и механизми за спречување на корупцијата во оваа област. Наспроти резултатите од неколкуте испитувања на јавното мислење кои покажуваат значително присуство на корупцијата во образованието, ниту еден студент досега јавно не им пријавил корупција на двата студентски правобранители кои постојат веќе пет години. Никој одамна не пријавил корупција ниту на специјалниот телефон на Министерството за образование за мито и корупција во високото образование. Ваквото отсуство на официјални пријави од студенти за корупција се толкува како страв од последиците и од личната инволвираност на студентот во коруптивната активност за која кривично одговараат и двете страни. Од друга страна, отсуството дури и на анонимни пријави за корупција говори за недовербата на студентите дека востановените институции ќе го решат проблемот. Овие институциите дополнително испратија обесхрабрувачка порака и до оние малку студенти кои во изминатиот период се јавиле на телефонот за пријавување мито и корупција во високото образование, така што не преземаа мерки ниту против професорот за кој се однесуваа најголем број од јавувањата.

- Личниот интерес на студентите и на родителите кои се инволвирани во корупција да молчат за дадениот поткуп за купување на оценката.

Со прикривањето на корупцијата во образованието, не само што се оневозможува борбата против неа, туку се зголемува и ризикот учениците и студентите да се стекнуваат со коруптивни навики уште во процесот на образованието и на формирањето на нивната личност.

- Премолчената солидарност кај професорите за нивните корумпирани колеги.

Наставниците и професорите го прикриваат пред јавноста овој сериозен проблем така што се повикуваат на фактот дека бројот на официјално пријавени случаи на корупција во образованието е минорен. Сепак, на тој начин тие им овозможуваат на оние кои се инволвирани во корупција да останат неказнети, а проблемот нерешен.

**Препораки за откривање и следење на корупцијата во образованието**

- Разговарајте со студентите за оваа тема и гарантирајте им анонимност.

- Истражувајте што се случува во основните и средните училишта.

- Не учествувајте во натамошно притајување на овој сериозен проблем што го деградира општеството во кое живееме.

## Корупција во здравството

Здравствениот сектор во Македонија е сериозно загрозен од разни облици на корупција кои се одвиваат во два главни сегмента: корупција во набавките на лекови, медицински материјали и опрема и корупција при давањето на здравствените услуги. Ова значи дека личен интерес на штета на граѓаните се остварува во сите сфери на јавното здравство.

Набавки на лекови и медицински материјали по цени повисоки од реалните, прилагодување на бодувањата на тендерите во прилог на фаворизирани добавувачи, набавки на многу поголеми количини од потребните заради остварување провизија, набавки без тендери, неводење материјална евиденција кај многу здравствени установи, вештачко креирање на потреба за интервентни набавки за да се одбегнат тендерите, како и други форми на злоупотреби им овозможуваат на компетентни извори од здравствениот сектор да проценат дека предмет на злоупотреба се значителен дел од парите во јавниот здравствен сектор каде годишно се трошат околу 250 милиони евра.

Кај давањето на здравствените услуги пак, алармантен е фактот што речиси сите го потврдуваат постоењето дури и на тарифници за висината на поткупот во зависност од видот на услугата и од стручноста на лекарот. Оттука, поединечните суми се движат од стотина до неколку илјади евра кои граѓаните ги плаќаат подготвени на сè, бидејќи станува збор за човечки животи во рацете на лекарите. Ваквата „наметната“ взаемна корист оневозможува пациентите подоцна да ги пријавуваат случаите на корупција, бидејќи и самите станале дел од неа.

## Како се одвива корупцијата во здравството?

- Непостоењето на јасни процедури при набавките.

Главен генератор на корупцијата при јавните набавки на лековите, медицинските материјали и опремата е можноста секој што набавува самостојно да ги одредува критериумите за избор на најповолен понудувач. Имено, секоја комисија за јавна набавка во одделните здравствени институции сама одредува кои критериуми носат најмногу бодови, што остава простор да ги прилагодат критериумите според

конкурентската предност што ја има фаворизираната фирма пред другите добавувачи. Оваа форма на корупција се смета за најчесто користена бидејќи набавките формално се спроведени според пропишаните процедури за јавни набавки.
Одложувањето на целосната примена на системот на референтни цени и злоупотребата на позицијата на ексклузивно право на продажба што ја имаат одредени добавувачи овозможуваат набавка на лекови, материјали и опрема според многу повисоки цени од реалните на пазарот.

- Немањето на прецизна материјална евиденција кај повеќето здравствени установи за потрошените лекови и за залихите.

Немањето евиденција, како и неусогласеноста на постојната евиденција меѓу фондот и установите остава широк простор за набавка на лекови над реално потребните количини. Се проценува дека мотивот за набавка на поголеми количини е добивање на провизија од добавувачите.

- Свесно креирање на потреба од интервентна набавка.

Во некои здравствени установи, често се случува набавките да не се планираат навреме за да создаде ситуација во која, поради немање време за спроведување на јавна набавка, ќе мора да се изврши т.н. интервентна набавка. На тој начин се преминува на директно договарање со добавувачот на одреден лек или медицински материјал со што и просторот за корупција е многу поголем.

- Исклучително слабата контрола на трошење на парите на здравствените корисници.

И покрај тоа што за набавка на лекови, медицински материјали и опрема се трошат високи износи на пари, изостануваат контроли и внатрешна ревизија во Фондот за здравство и во здравствените установи. Исто така нема ниту ефикасни механизми за зголемена транспарентност, одговорност и отчетност во јавните набавки во овие институции со што се проширува можноста за корупција во здравствениот сектор.

- Злоупотребата на ситуацијата дека станува збор за здравје и за човечки животи.

Луѓето не штедат ни пари ни средства кога е во прашање одржување и зачувување на здравјето и животот. Веќе е јавна тајна кој лекар колкава „благодарност“ прима од пациентите за сочуваното здравје и спасениот живот. Колку што е постручен лекарот и посложена здравствената интервенција, толку е поголема и сумата што се плаќа за возврат.

- Немањето на болнички капацитети и лекови сразмерно на потребите.

Со ова се создава простор секоја итна услуга дополнително да се наплати. Ова е случај кога преку ред се добиваат болнички кревети и се вршат разни снимања, прегледи и операции, при што се инволвираат не само лекари, туку и друг медицински и административен персонал. Одредени лекари ја користат ваквата состојба за да ги упатуваат пациентите од јавното здравство кон приватните ординации кадешто тие работат попладне или во своето слободно време. Иако овде не станува збор за директна форма на корупција, сепак позицијата се користи за да се оствари лична корист. На овој начин, јавните здравствени установи се користат како место за регрутирање на пациенти за приватните ординации и клиники.

- Поврзаноста меѓу лекарите и добавувачите.

Станува збор за состојба во која лекарите ги упатуваат пациентите да купат одреден лек или пак да го купат лекот од одредена аптека бидејќи со тоа лекарите добиваат провизија од добавувачот или аптеката.
Постојат и случаи кога одредени лекари навреме ги информираат добавувачите за тоа кои лекови и медицински материјали недостигаат и наскоро ќе се набавуваат, за да можат тие добавувачи навреме да се подготват и да бидат поконкурентни на тендерите така што ќе ги имаат тие лекови на залиха.
Истовремено, злоупотребувајќи ја немоќта на јавните установи да се грижат за континуирано усовршување на кадарот, добавувачите го спонзорираат присуството на лекарите на конгреси и семинари со што си ја подобруваат својата позиција и ја зголемуваат наклоноста кон нивните производи.

- Гледање на поткупот како на израз на благодарност.

Лекарите не само што не сметаат дека постапуваат незаконски и дека корупцијата треба да биде санционирана, туку гледаат на поткупотот како на компензација за

нивните ниски плати наспроти високата лекарска стручност и големите пари вложени во медицинското образование.

**Препораки за откривање и следење на корупцијата во здравството:**

- Истражувајте ги набавките во здравствените установи.
- Разговарајте со вашите сограѓани за нивните искуства.
- Барајте судири на интерес кај лекарите од јавниот здравствен сектор поради нивната директна поврзаност со приватните ординации.

## Истражувачко новинарство

### Според што истражувачкото новинарство се разликува од секојдневното известување?

Истражувачкото новинарство подразбира истражување што е спроведено од страна на самиот новинар и врз основа на негова иницијатива со која се открива нешто што одредена личност или организација не сака да биде откриено. Да се истражува значи да се биде многу повеќе проактивен отколку реактивен.

Истражувачкото новинарство значи да се „чепка" под површината на дневните случувања за да им се каже на читателите/гледачите/слушателите што всушност се случува такашто ќе се бараат и ќе се инсистира да се добијат одговори на прашањата „зошто" и „како", а не само на прашањата „кој", „што", „кога" и „каде".

Оттука, истражувачки приказни се оние кои:

- откриваат и третираат системски проблем, а не изолиран случај што погодува само еден човек;
- покажуваат дека нештата не фунционираат онака како што треба да фунционираат (обелоденувајќи погрешно работење, корупција, злоупотреба на власта и сл.);
- информираат за погрешно работење на институции и индивидуи;
- се темелат врз оргинално истражување на новинарот, а не се само пренесување на информации до кои дошла истрагата спроведена од државните истражни органи;
- се темелат врз документи и сеопфатни интервјуа.

За да се информира за корупцијата неопходно е да се применуваат техниките на истражувачкото новинарство бидејќи корупцијата е криминал што е тешко да се открие и да се докаже поради тоа што лицата кои се вклучени во коруптивните случаи имаат заемен интерес направеното дело да остане тајна.

**Процес на новинарско истражување**

До истражувачката приказна се доаѓа преку спроведување на следниов процес на новинарско истражување:

1.Одберете што ќе истражувате.

Како започнува истрагата? Некогаш се тргнува од информација која ја добивате од некого. Најдобрите приказни доаѓаат од луѓето кои сметаат дека јавноста треба нешто да дознае, од лути и обесправени луѓе, од пријатели или соседи? Некогаш, вообичаеното прибирање на веќе познати информации за една институција или појава може да ве доведе до некој тренд што е вреден за истражување, до некој необичен случај или пак да во овозможи да ги ставите работите во нов контекст. Некогаш истрагата произлегува од љубопитното прашање - зошто е нешто така како што е? Секогаш постојат институции и индивидуи што вреди да се истражуваат.

2. Поставете претпоставки за истражувањето.

Следниве прашањата треба да се одговорат за да се постават основите на истражувањето:

Како нештата треба да функционираат, а како всушност фунционираат?

Кој добива, а кој губи?

Зошто?

Како?

3. Направете стратегија на истражувањето.

Како основа за стратегијата можат да ви помогнат следниве прашања:

Кои документи ви требаат?

Кои луѓе треба да ги интервјуирате?

Што можете да пребарате на интернет?

Што треба да истажите на терен?

4. Барајте документи со кои ќе го поткрепите истражувањето.

Зад секоја личност, институција, бизнис, случување или појава останувaат документирани траги. Најдете ги тие документи. Тие се вашиот примарен и клучен

извор. Документите барајте ги во министерствата, Владата, Централниот регистар, Берзата за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, Заводот за статистика, Собранието на РМ и други институции. Податоците што ви требаат можете ги најдете и во извештаите на Државниот завод за ревизија, во Државната комисија за спречување на корупцијата, во медицински извешати, во судски и полициски извештаи и сл. Документите се примарниот, но секако не се и единствениот извор во истражувањето. Документите и пишаните материјали не можат да бидат доволни бидејќи исто како и луѓето така и документите може понекогаш да не ја кажуваат вистината, бидејќи во крајна линија и документите се напишани од луѓе.

5. Разговарајте и интервјуирајте што е можно повеќе луѓе (извори).
Откако ќе ги обезбедите документите што ви требаат за приказната, размислете добро со кои луѓе би можеле да зборувате и да ги интервјуирате за да ги откриете сите коцки во мозаикот на вашето истражување. (Повеќе детали за ова ќе прочитате во делот Извори: барање и интервјуирање).

6. Пребарувајте на интернет.
Ова е одлична можност да дојдете до документите и податоците што што ви требаат, но и до луѓете кои би можеле да го интервјуирате. Интернетот е можност за да дојдете до потребните бекграунд (позадински) информации, за да ги истражите искуствата на другите земји, но и за да видите кој и што зборувал за темата што ја истражувате.

7. Излезете на терен и набљудувајте.
Директното набљудување е најмоќната алатка на репортерот. Работата на терен, односно на местото каде што се случуваат нештата, ви овозможува да ја оживеете ввашата истражувачка приказна и да ја направите интересна за читателите/гледачите/слушателите. Директното набљудување ви овозможува да ја разберете темата подобро, но и ви ја олеснува натамошната работа бидејќи на самото место на настанот можете да најдете и сведоци и извори за интервјуирање. Кога директно ги набљудувате случувањата што ги истражувате нема да морате да се потпирате врз информации од други (од втора рака), кои може да не се целосно

објективни. Предноста на директното набљудување е што никој нема да може да демантира нешто што самите го гледате или сушате.

8. Проценувајте ја ситуацијата.

Постојано проценувајте ја моменталната ситуација за да не се случи да се загубите во истражувањето и приказаната. До каде може приказната да оди? Дали истражувањето што сте го направиле до тој одреден момент е доволно и дали имате доволно материјал за објавување? Притоа, имајте предвид дека истражувачките приказни бараат време. Покажете трпение и посветеност во потрагата по информации. Не дозволувајте, под одреден притисок, да објавите приказна во која ви недостигаат уште податоци, документи или соговорници. Но, понекогаш ќе треба да си го поставите и прашањето: дали сте на погрешен пат и дали можеби не треба да прекинете со истражувањето во кое си го губите времето.

9. Организирајте ја приказната.

Откако ќе ги обезбедите потребните документи и податоци и ќе ги интервјуирате изворите, ќе треба да ја организирате приказната и да процените кои се најбитните информации што ги имате. За да направите најдобра проценка и анализа на истражувањето што сте го спровеле, најдобро е материјалот со којшто располагате да го подредите хронолошки. Во оваа фаза од истражувањето треба да процените и дали сите информации ќе ги сумирате и ќе ги објавите заедно или можеби ќе објавувате дел по дел од наодите. Ако решите да објавувате серија од извештаи, добро е тие да имаат еден заеднички наслов за пропознавање, на пример „случај тој и тој“ за читатели/гледачите/слушателите да знаат дека станува збор за истражување и извештаи за еден ист случај.

10. Направете уште една проверка на фактите.

Внимателно проверете уште еднаш дали имате доказ за секое ваше тврдење. Имено, треба да знаете дека ако во вашата новинарска приказна некој обвинува некого без докази, тоа не ве амнестира од одговорност ниту вас ниту медиумот во кој работите. Имајќи предвид дека наодите до кои сте дошле преку истражувањето можат да предизвикаат сериозни реакции, не си дозволувајте ниту најмала грешка. Дури и некоја ненамерна или случајна грешка може негативно да влијае врз кредибилитетот на вашата приказна, на вас како новинар и на вашиот медиум.

11. Напишете ја приказната

Иако истражувањето од вас барало многу време и напор, приказната што ќе ја објавите треба да биде едноставна и разбирлива. Имајте предвид дека не пишувате академски текст или научно истражување. Морате да направите приказна што ќе и значи на вашата публика. Надополнете ја приказната со рамки, графикони и табели за хронолигијата на настаните, за главните учесници во истражувањето и сл. Споделувајте ги документите со вашата публика за да ги зголемите кај неа возбудата и довербата, покажувајќи оргинални писма, белешки, фотографии, ракописи и сл.

12. Објавувајте и т.н. follow-up (последователни) приказни.

Истражувачката приказна не треба да остане на еден текст во весникот или на еден телевизиски или радио прилог. Мора да продолжите со приказната, објавувајќи ги последователно новите сознанија од истражувањето, новите реакции или разврски на тоа што сте и го соопштиле на јавноста.

**Проблеми при истражувањето**

Главни проблеми што стојат на патот на истражувачкото новинарство се:

- недостиг на информации и документи со кои ќе се потврдат некои сознанија;
- страв кај уредниците да објавуваат приказни со кои може да го доведат медиумот во судир со одредени политички структури;
- страв кај уредниците да објавуваат приказни со кои може да испровоцираат повлекување на реклами од одредени огласувачи;
- незаинтересираност на медиумите да им дадат на новинарите време и пари за подолгорочни истражувања.

Овие проблеми секако не треба да ве поколебаат во потрагата по вистината и откривање на информации што некои луѓе и организации сакаат да останат тајна. Затоа, бидете упорни во потрагата по информации, користете ги можностите од

Законот за пристап до информации и повикувајте се на уставните одредби за слобода на информирањето (член 16 од Уставот на РМ).

Ако во вашиот медиум не ви даваат доволно време за истражување, најдобро е сами да го најдете така што ќе истражувате пред и по завршувањето на другите дневни обврски. Исто така, треба постојано да бидете будни бидејќи најдобрите приказни често доаѓаат од рутинските движења на репортерите.

Имајте предвид дека истражувачките приказни ја зголемуваат довербата во медиумите, ги продаваат весниците и ја подигаат гледаноста/слушаноста на телевизиите/радијата, ги прошируваат новинарските слободи и пристапот до информации и ја засилуваат улогата на новинарите и медиумите во општеството.

## Извори: Наоѓање и интервјуирање

Дури и кога вашата истражувачка приказна тргнува од одреден пишан документ, постои некој кој ви посочува да го погледнете токму тој документ или пак, ако самите сте дошле до документот ви треба некој кој ќе ви потврди дека навистина имате добар повод да започнете со истражувањето. Пронаоѓањето на вистинските извори, како и нивното правилно интервјуирање се клучни во успешно спроведување на едно новинарско истражување.

## Совети за наоѓање извори

- Јавете им се на вашите постојани извори со кои имате развиено однос на взаемна доверба.

Ако веќе знаете што ќе истражувате и ви треба извор со кој ќе разговарате, тогаш најпрво треба да им се обратите се вашите постојани извори кои работат или се во тек со случувањата во секторот што го истражувате. Ова значи дека дека една од вашите основни обврски е во текот на својата новинарска работа да пронаоѓате, развивате и негувате извори во сите поважни институции. Се разбира, постојан извори не значи дека од тој извор треба секогаш да земате официјални изјави. Понекогаш ќе биде доволно со нив да поразговарате за да потврдите некои сознанија или да разрешите некои дилеми.

Комуникацијата со вашите извори треба е постојана и изградена врз основа на заемна доверба. Притоа, не го сметајте за загубено времето што сте го поминале разговарајќи со вашиот извор, дури и кога тој нема да ви каже ништо ново. Вие јавувајте им се на вашите постојани извори. Не треба да чекате тие да ве бараат, ниту пак да им се лутите кога нема навреме да ве известат за некои случувања во нивната институција или компанија. Едноставно, ваша обврска е да дојдете до информација, а изворите само ви помагаат во тоа. Притоа, мора постојано да го проширувате кругот на вашите постојани извори.

- Разговарајте со секого.

Не постои магична формула за наоѓање на извори. Имајте го предвид секој кој може да знае нешто за темата на која работите и кој може да ви помогне во откривањето и докажувањето на одредено сознание. Истражувањето е како мозаик. Една коцка ќе најдете овде, друга онде. Затоа разговарајте со секого и барајте од луѓето да ви препорачаат со кој уште би можеле да разговарате на темата што ја истражувате.

- За да ја утвдите листата на потенцијални извори користете логика.

Кога веќе знаете што сакате да истражувате поставете си ги логичните прашања: кој стои зад проблемот и кој е засегнат од проблемот. На овој начин ќе дојдете не само до потенцијалните извори, туку и до двете страни на проблемот - и до оние кои го создале и до оние на кои им е нанесена штета.

- Проширете го списокот на извори со „поранешните“.

Не се ограничувајте само на сегашните директори, носители на функции, синдикални лидери, соработници. Побарајте ги и поранешните. Со оглед на тоа што поранешните не стравуваат дека ќе ги загубат своите позиции, многупати знаат да се навистина многу отворени.

- Погледнете „зад сцената“, зад првите луѓе и лидерите.

Работите се случуваат и пред очите на луѓето кои се во сенка на фронтмените на одредени институции и компании. Затоа, побарајте ги и соработниците и луѓето од т.н втор ешалон во институциите. Можеби токму тие ја имаат информацијата што ви треба.

- Користете го интернетот.

Преку пребарување на интернетот најдете кој и што зборувал за темата или личноста што ги истражувате. На тој начин можеби ќе дојдете до извори кои можат да се од извонредна корист.

- Користете независни експерти како извори.

Речиси е невозможно да се направи целосно и длабочинско истражување без експерт кој ја познава темата. Експертите се потребни за да ви ги протолкуваат и

објаснат нештата или за да ја посочат законската регулатива и санкциите од нивната злоупотреба. Независните експерти треба да ги барате на универзитетите, во научните институти и во невладиниот сектор.

- Не претпоставувајте дека изворот нема да сака да разговара со вас.

Многу новинари не доаѓаат до потребната информација само поради тоа што не им се јавуваат на изворите, претпоставувајќи дека тие нема да разговараат со нив. Дури и кога некој извор постојано одбивал да ви даде информација, не треба да се откажувате од јавување бидејќи никогаш не можете да знаете кога некој ќе сака да зборува со вас и за која тема.

- Не одбивајте да разговарате со некој затоа што мислите дека ќе зборува само за позитиви нешта.

Кога истражувате нешто, секој разговор е добредојден и може да биде корисен бидејќи од секој разговор можете да дојдете до вредни информации. Затоа, дури и кога мислите дека некој извор ќе ви зборува само позитивни нешта, разговарајте со него, од тие нешта можеби ќе дојдете до некоја од коцките што ви недостига во мозаикот.

- Бидете претпазливи.

Не им верувајте на изворите, барем не целосно. Секогаш барајте разни начини и извори за  да го докажете своето тврдење. Секој извор е воден од некој свој мотив за тоа што го зборува. Најдобро е да ги препознате тие мотиви и да сте свесни за нив.

## Совети за интервјуирање на изворите

- Одредете го фокусот на интервјуто.

За да ги поставите вистинските прашања, најпрво треба да го одредите фокусот на интервјуто. Дали за време на интервјуто ќе се фокусирате на дознавање на што е можно повеќе информации за некоја личност, за работењето на некоја институција или пак за одредена тема? На која работа и да се фокусирате во интервјуто - личност, институција или тема, за неа ќе треба да добро да се подготвите.

- Внимателно одредете го редоследот на прашањата.

Во многу ситуации најдобро решение е хронолошко подредување на прашањата што помага во откривање на грешките и нелогичностите во тврдењата. Се препорачува редоследот на прашањата во интервјуто да се одвива од пријатни кон непријатни прашања. Никогаш не се извинувајте пред да ги поставите прашањата за кои сметате дека се непријатни за вашиот соговорник. Прашајте сѐ што ве интересира и што сакате да дознаете бидејќи нема глупави прашања, туку има само глупави одговори.

- Поставувајте ги вистинските прашања.

Вистински прашања се оние што го ставаат вашиот соговорник во позиција да треба нешто да објасни, а не само да потврди или да негира. Не поставувајте прашања што овозможуваат лесно избегнување на одговорот. Исто така, не поставувајте две прашања во едно бидејќи на овој начин му овозможувате на вашиот соговорник самиот да избере на кое прашање ќе одговори. Кога располагате со документи, извадете ги во текот на интервјуто и побарајте од вашиот соговорник коментар или толкување. Ако, пак, ви недостигаат одредени документи, тогаш прашајте го соговорникот од каде знае за тоа, надевајќи се дека на тој начин ќе го испровоцирате да ви покаже некои документи. Тоа воедно ќе биде и добра проверка на вашиот извор, за да видите врз што го заснова своето тврдење.

- Не заборавајте на прашањата на кои треба да добиете одговор.

Ако вашиот извор одбегнува да одговори, тогаш поставете го прашањето повторно или парафразирајте го, па дури поставувајте го на различни начини сѐ додека не добиете одговор. Притоа, мора да внимавате да не го одвлечкате разговорот во друг правец.

## Именување и цитирање на изворите при известување за корупција

- Инсистирајте на официјална изјава.

Секогаш треба да инсистирате да добиете официјална изјава од вашите соговорници. Затоа, барајте од нив да ги снимите нивните изјави или најмалку да цитирате тоа што го кажуваат, наведувајќи го нивното целосно име и презиме и позицијата од која зборуваат. За вас, тоа е гаранција дека изворот стои зад тврдењата. Во спротивно, постои опасност соговорникот да ве злоупотреби за да оствари некои свои цели.

- Внимателно користете анонимни извори.

Анонимни извори се користат само во случај кога информациите што ви ги кажува изворот што сака да остане анонимен се од суштинска важност за приказната. Но, пред да се согласите да му гарантирате анонимност на вашиот извор морате да сте сигурни во оправданоста на неговите мотиви да остане анонимен. На пример, дали изворот стравува дека може да остане без работното место ако јавно објави одредена информација или пак зад барањето за анонимност се крие неможност на изворот да го докаже своето тврдење. Имено, треба да се има предвид дека одредени луѓе не ретко се обидуваат да ги злоупотребат медиумите за остварување на свои бизнис или политички интереси.

- Поблиску лоцирајте ги анонимните извори.

Откако ќе се согласите на одреден извор да му гарантирате анонимност, тогаш треба да го лоцирате изворот што е можно поблиску до институцијата или позицијата од којашто зборува, избегнувајќи ги широките термини како: владини извори, партиски извори, анонимни извори, наши извори и сл. Исто така, треба да ја наведете и причината поради којашто изворот сакал да остане анонимен.